**Општи одредби и услови на промоцијата на Canon „ Full Frame trade-in"**

## 1. ПРОМОТИВНИ ПРОИЗВОДИ, ПРОМОТИВЕН ПЕРИОД И УЧЕСНИЦИ

1.1. Оваа промоција е достапна само за набавка направена на било кој производ од прикачената листа/листата подолу (**„Промотивни производи"**) на Р. Северна Македонија од овластени партнери во периодот од 1.12.2020 до 31.1.2021. (**„Промотивен период"**)
1.2. Сите учесници мора да бидат 18 години или постари и мора да бидат жители на Р. Северна Македонија (**„Учесник"**)..
1.3. Претпоставуваме дека сите Учесници се согласуваат да бидат обврзани со овие одредби и услови.
1.4. Сите производи мора да бидат набавени на територијата на Р. Северна Македонија и мора да бидат снабдени и дистрибуирани до продавачи на Canon CEE GmbH („Canon") или компании од групата на Canon од ЕЕА. Ве молиме проверете со вашиот продавач дали се исполнува горенаведениот услов со цел да се избегне разочарување. Онлајн продавниците мора да прикажат регистрирана/поштенска адреса во Р. Северна Македонија.
1.5. 1.5. Сите промотивни производи мора да бидат нови и вистински производи на Canon. Набавки на половни производи, реновирани или реконструирани, или производи кои се фалсификувани или ги нарушуваат на било каков начин интелектуалните права на сопственост на групата компании на Canon (на пример: вклучувајќи но не ограничувајќи ги паралелните или таканаречени "сиви" производи) нема да се квалификуваат за оваа промоција. За да дознаете повеќе за паралелните производи, погледнете на https://www.canon.com.mk/about_us/serial-number-checker..

## 2.УПАТСТВО ЗА УЧЕСТВО

2.1. За учество во промоцијата, учесникот мора да набави промотивен производ на територијата на Р. Северна Македонија од овластен партнер за време на промотивниот период.
2.2. Промотивниот поврат на пари се заснова на два принципа: или кога учесникот ќе направи тргување (размена) на неговиот користен DSLR или Mirrorless фотоапарат, или кога нема да направи размена на фотоапаратот, но едноставно ќе набави еден од промотивните производи. Во однос на размената на својот користен фотоапарат, тргуваниот фотоапарат мора да биде во работна состојба, што значи треба да биде функционален и да може со него да се сликаат фотографии.
2.3. Промотивните производи се достапни се додека траат залихите. Canon нема да биде одговорен доколку продавачите не успеат да ги задоволат набавките на промотивните производи за време на промотивниот период.
2.4. Дозволено е само едно барање по набавен промотивен производ.
2.5. Оваа промоција не може да се поврзе со никаква друга промоција.
2.6. Партнер (продавачот) кој учествува во промоција:

Pix Plus

## 3. ОСТВАРЕН БОНУС СО ПРЕДАВАЊЕ НА УПОТРЕБУВАНИОТ ФОТОАПАРАТ

3.1. Учесниците ќе го добијат бонусот во прикажаните износи за набавките на промотивни производи.
3.2. Ако сте ДДВ обврзници во Република Северна Македонија и добиете поврат на пари, тоа може да ја намали оданочливата вредност на вашата набавка, па затоа можеби ќе треба да го намалите во согласност со тоа влезниот ДДВ.

## 4. ПРОМОТОРОТ

4.1. Промоторот е Canon CEE GmbH, Oberlaaer Straße 233, 1100, Виена, Австрија.

## 5. ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

5.1. Во најголема мера законски, Canon нема да биде одговорен за било каква загуба, оштета или повреда од било каква природа предизвикана или направена од било кој учесник во оваа промоција. Меѓутоа, ниедна одредба на овие правила нема да го има ефектот на исклучување или ограничување на одговорноста на Canon за предизвикана лична повреда или смрт поради докажано запоставување на вработените на Canon или неговите претставници.
5.2. Canon го задржува правото да ја поништи, поправи и/или промени оваа промоција во било кое време без било какво влијание на одговорноста на Canon.
5.3.Canon го задржува правото да го провери било кое барање за да се осигура дека е во согласност со овие одредби и услови и да побара дополнителни информации и придружни документи. Canon го задржува правото да отфрли барања и/или учесници ако се посомнева дека промоцијата се злоупотребува на било каков начин. Одлуките на Canon во однос на промоцијата се крајни и нема да влегува во никаква кореспонденција во однос на неа.

## 6. ЗАШТИТА И СОБИРАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

6.1. Canon Europa N.V., 59 Bovenkerkerweg, 1185 XB е контролорот на податоците кој ги води сите лични податоци доставени од учесниците. Сите лични податоци доставени до нас ќе бидат обработувани од Interpay Sales Promotions, IDA Business & Technology Park, Ring Road, Килкени, Ирска, со цел да се администрира оваа промоција и ако е тоа возможно, за маркетинг цели – во случаи кога учесниците прифатиле да добиваат маркетинг информации од Canon. Доставените лични податоци се чуваат безбедно и можат да бидат пренесени на побезбеден сервер надвор од ЕЕА.
6.2. Собраните лични податоци од учесниците подлежат на Правилата на Canon за заштита на податоците на купувачите http://www.canon.com.mk/privacy-policy/

## 7. ЗАКОН И НАДЛЕЖНОСТ

Овие Одредби и услови и било какви спорови кои произлегуваат од или во врска со нив, ќе бидат управувани и толкувани во согласност со законите на Австрија и ќе бидат предмет на неексклузивна надлежност на судот во Виена.

## 8. Целосна листа на производи на промоција

| | Попусти при набавка на нов фотоапарат, изразени во ден. | | |
|---|---|---|---|
| | **Ако не донесете фотоапарат, ова е попустот што ќе го добиете кога ќе купите било кој од фотоапаратите наведени во оваа табела** | **Ако донесете фотоапарат БЕЗ полн кадар (DSLR или без огледала), ова е попустот што ќе го добиете кога ќе купите било кој од фотоапаратите наведени во оваа табела** | **Ако донесете фотоапарат со полн кадар (DSLR или без огледала), ова е попустот што ќе го добиете кога ќе купите било кој од фотоапаратите наведени во оваа табела** |
| EOS 1Dx Mark II | 24.600 ден. | 36.900 ден. | 61.500 ден. |
| EOS 5D Mark IV | 9.230 ден. | 18.450 ден. | 27.670 ден. |
| EOS 6D Mark II | 6.150 ден. | 9.230 ден. | 18.450 ден. |
| EOS R5 | 12.300 ден. | 24.600 ден. | 36.900 ден. |
| EOS R6 | 9.230 ден. | 18.450 ден. | 27.670 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| EOS R | 9.230 ден. | 18.450 ден. | 27.670 ден. |
| EOS RP | 6.150 ден. | 9.230 ден. | 18.450 ден. |